УТРЕВЕЧЕР ВО МУЗЕЈОТ НА МАКЕДОНИЈА

# Археолошка изложба за Вучедол од Хрватска

Во Музејот на Македонија утревечер во 19 часот ќе се отвори изложбата "Вучедол - мит што опстојува" на Археолошкиот музеј од Загреб. Поставени се 100 експонати кои ја отсликуваат една од најзначајните праисториски култури во северна Хрватска.

Од Музејот информираат дека локалитетот Вучедол претставува феномен во рамките на појавите кои ја одбележуваат праисториската епоха, не само во Хрватска туку и во Европа. Вучедолската култура се појавила на просторот на источна Славонија и Срем, а подоцна се проширила во Средна Европа. Првите истражувања за неа почнале во триесеттите години на 19 век.

Археолошкиот Музеј во Загреб ја реализираше изложбата со Градскиот музеј Винковци и Градскиот музеј Вуковар, во чија сопственост се повеќе вредни наоди од вучедолската култура.

## ВЕСТИ

Вечерва во 19,19 часот во Културно-информативниот центар во Скопје ќе биде промовирана книгата "Приказни од поранешните" од Димитар Пандев. Книгата е збирка раскази и е во издание на "Македонска реч".

● ● ● ● ●

Во библиотеката "Браќа Миладиновци" во Скопје денес во 12 часот ќе бидат промовирани книгите: "Нероདениот интернирец" од Ванчо Меанџиски и "Пусти луѓе" од Миле Маневски, и двете во издание на "Пирин".

● ● ● ● ●

На "Синедејс" вечерва во киното "Фросина" во 17 часот е "Чувари на ноќта" од БиХ, во 19 часот е "Слепа љубов" од Словачка и во 21, 30 часот белгискиот "Елдорадо". Во киното "Милениум", во рамките на Холандскиот филм, во 18 часот на програмата се краткиот филм "Желба" и долгометражниот "Дуња и Деси во Мароко". Од 20, 30 часот е холандскиот филм "Контакт".

СЕ ЗАБРЕВТУВА НОВИОТ ПРОЕКТ ЗА КУЛТУРНО И ТУРИСТИЧКО ОЖИВУВАЊЕ

# Форум за проектот "Крушево етно град"

**■ На средбата ќе се информира и ќе се одржи работилница за првиот сегмент од реализацијата на проектот за културно и туристичко заживување на овој град, односно анимирање на крушевчани и нивно вклучување во проектот кој за првпат треба да се одржи следново лето**



*Крушевска мода за лето 2009: дел од костимите за статистите вклучени во проектот*

Следниов викенд во Крушево ќе биде организиран Форум на кој ќе биде презентиран целосниот проект на т.н. туристичка револуција, наречен "Крушево етно град", чии иницијатори и главни организатори се Ранко Петровиќ - Буба мара и "Прима центар" од Скопје. Форумот, пак, на кој ќе присуствуваат како медијатори и градоначалничката на Крушево Лефкија Гаџоска, Љупчо Бубо - Каров, актерот Сашо Коцев, покрај градот, финансиски го поддржа и Министерството за економија на Република Македонија.

Како што нè информираат од "Прима центарот", на овој форум, чиј централен дел е в недела ( од 13 часот), ќе се објасни конкретно првиот сегмент од проектот на културно и туристичко заживување на градот и на регионот пошироко, односно анимирање на крушевчани и нивно вклучување во проектот кој за првпат треба да се одржи следново лето, а за што се очекува и финансиска поддршка на Министерството за култура на Македонија.

"Со Форумот сакаме да почнеме да ги мобилизираме екипата и сите жители на Крушево. Ќе информираме како треба да се вклучат во него: жените од Крушево ќе ги шијат ´униформите´ на комитите, се планираат од 400 до 800 униформи и слични историски костими за статистите ќсп ќе шетаат низ градот. Ќе организираме и работилници на кои понатаму ќе се информираат како да ги реновираат домовите, собите за туристичка понуда, особено во тие денови од летото кога ќе се организираат бројни културни настани во градот. Ќе има уште многу информации, па затоа ги повикуваме крушевчани и други гости од земјава на овој општонароден собир, за да ја почнеме туристичката револуција", вели популарниот Ранко кој себеси, на шега, се нарекува идеолог на револуцијата, додека за претседател на организацијата е промовиран Бубо Каров.

Целиот проект, кој веќе се забревтува, ќе добие во интензитет и во квалитет, вели Ранко, откако ќе бидат одобрени средствата од Министерството за култура, за кои се надеваат дека ќе ги добијат од програмата за 2009, како и од спонзорите што се заинтересирани овој голем проект да заживее веќе од следното лето.